Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 67 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 7 МАРТ 2014 ГОДИНА

# ЗАПИСНИК
## од шеесет и седмата седница на Државната изборна комисија

Шеесет и седмата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 7 март 2014 година ( петок ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 14:45 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

На Седницата не присуствуваше Генерален секретар на Државната изборна комисија, Биљана Стојановска од оправдани причини. На Седницата не присуствуваше и Потпретседател на Државната изборна комисија М-р. Субхи Јакупи од оправдани причини.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во состав од 6 членови и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

## ДНЕВЕН РЕД

**1.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9, за Претседателски избори 2014 год.;**
**2.Разгледување на Обрасците ИС 1, ИС2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии, согласно Заклучокот бр.07-743/1 донесен на 64 – тата Седница на ДИК на 4.03.2014 год.;**
**3. Разно.**

Се отвори расправа по дневниот ред.

Никој не побара збор и дневниот ред е ставен на гласање.

**6 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред за 67 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9, за Претседателски избори 2014 год.;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека ДИК ги има како материјал Предлог Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9 со дата 7.03.2014 година. Му даде збор на Државниот советник за правни работи и изборен систем да даде вовед во материјалот.

Државниот советник за правни работи и изборен систем објасни дека според табеларниот преглед вкупно има 1382 Предлог Решенија од кои позитивни Решенија има 1324. Број на Решенија за одбиени пријави се: 9 Решенија поради тоа што лицата ги нема со звездичка и немаат приложено докази и 49 Решенија поради тоа што лицата ги нема во Избирачки список и за овие граѓани има посебен Список на лица кои ги нема во Избирачкиот список и не исполниле услови за запишување.

Бедредин Ибраими, Член на ДИК, бараше да му одговорат во врска со пријавите поднесени во Изборната единица 9 во Пекинг. Направен е увид во пријавите и Бедредин Ибраими нема никакви забелешки и побара да се продолжи со работата.

Влатко Сајкоски,Член на ДИК праша ако има некој доставени документи кои не се читаат убаво што се прави во таков случај.

Државниот советник за правни работи и изборен систем одговори дека таквите документи се враќаат во МНР да побараат нови документи од лицата кои ги доставиле.

Никој друг не се јави за збор и се затвори расправа и Предлог Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9, за Претседателски избори 2014 год. се ставени на гласање.

**6 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9, за Претседателски избори 2014 год.**

**Точка 2:**
**Разгледување на Обрасците ИС 1, ИС2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии, согласно Заклучокот бр.07-743/1 донесен на 64 – тата Седница на ДИК на 4.03.2014 год.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски му даде збор на Државниот советник за правни работи и изборен систем да даде објаснување по оваа точка.

Државниот советник за правни работи и изборен систем објасни дека се работи за Обрасците ИС 1, ИС2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии и тоа од вчера до денес и под итно, по разгледувањето од ДИК треба да се однесат во Државниот завод за статистика да се обработат за да не се касни.

Се отвори дискусија, никој не побара збор и Обрасците ИС 1, ИС2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии, согласно Заклучокот бр.07-743/1 донесен на 64 – тата Седница на ДИК на 4.03.2014 год. се ставени на гласање.

**6 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Обрасците ИС 1, ИС2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии, согласно Заклучокот бр.07-743/1 донесен на 64 – тата Седница на ДИК на 4.03.2014 год.**

**Точка 3:**
**Разно**

За дискусија по точката "Разно" не се јави никој за збор.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, поради тоа што немаше пријавени за дискусија, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори шеесет и седмата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**67-тата седница на Државната изборна комисија заврши во 15:10 часот.**

**Број** 07 - 791/2
11. 03. **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА**
**ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**